Australian Macedonian
# TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1980 | 27 SEPTEMBER 2024 | FREE

## МИЦКОСКИ ЗА НАЈАВЕНИТЕ ПРОТЕСТИ НА ДУИ И ЗА ЗАКАНИТЕ НА „ВРЕДИ“ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ ОД ОД ВЛАДАТА:



# НЕКА ИМ Е СО СРЕЌА!

## GOOGLE Е КАЗНЕТ СО 2,7 МИЛИЈАРДИ ДОЛАРИ ОД ЕУ

## АВСТРАЛИЈА ОБЕЗБЕДУВА ДОПОЛНИТЕЛНИ 10 МИЛИОНИ ДОЛАРИ ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ЗА ГАЗА



## БУГАРИЈА ДО 16 ДЕКЕМВРИ ТРЕБА ДА ОДГОВОРИ НА ПРЕСУДИТЕ НА СУДОТ ВО СТРАЗБУР



FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Во ЕУ паѓа продажбата на возила, а во Македонија кинеските автомобили ја зголемија




Во август во Европа се продадени 644.000 нови автомобили или за 18.3% помалку од истиот период лани. Намалена продажба е забележана на четирите најголеми европски пазари: Германија, Италија, Франција и Шпанија.

Наспроти ова во Македонија присуството на пазарот на кинески возила ја зголеми продажбата. Забележан е пораст на продажбата на автомобили за околу 50% во однос на 2023 година. Во јули продадени се 750 возила (640 патнички возила и над 100 превозни).

Во зголемувањето на продажбата на пазарот во Македонија најголемо влијание имаше „Џили“ (Geely), новата кинеска марка на еколошки возила. За само шест месеци „Џили“ продаде над 100 возила.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com




# Бугарија до 16 декември треба да одговори во однос на пресудите на Судот во Стразбур

Доколку не ги спроведе пресудите на Европскиот суд за човекови права од Стразбур за регистрирање на здруженија на Македонците, Бугарија би можела да се соочи со исклучување од Советот на Европа. Последната одлука на Комитетот на министри на Советот на Европа е исклучително важна во борбата за правата на Македонците, со оглед на тоа што во Бугарија веќе е формирана работна група.

- Советот на Европа бара оваа мерка да биде конкретна до 16 декември, ако не се направи конкретен и опиплив напредок ќе се започне со политички дијалог со бугарските власти. Тоа значи дека Бугарија ризикува да се започне постапка за исфрлање на Бугарија од Советот на Европа, појаснува Тони Менкиноски, адвокат кој ги застапува македонските здруженија пред Судот за човекови права во Стразбур.

Комитетот на министри на Советот на Европа во минатонеделната одлука пишува дека повеќе од 18 години по првата правосилна пресуда на здруженијата кои имаат за цел „да постигнат признавање на македонското малцинство“ и понатаму рутински им се одбива регистрацијата главно поради поширокиот проблем на неодобрување на нивните цели.

Но пресудите на ЕСЧП не носат и обврска за признавање на групата лица како малцинство. И од здружението ОМО „Илинден“ очекуваат до крајот на декември Софија да даде конкретни одговори како ќе му овозможи на македонското малцинство регистрација на здруженијата. Сметаат дека документацијата не е никаков проблем туку судскиот систем и двојните стандарди во Бугарија.



# Мицкоски за најавените протести на ДУИ и заканите со излегување на „Вреди" од Владата: НЕКА ИМ Е СО СРЕЌА!

„Нека му е со среќа!" – вака кусо и отсечно премиерот Христијан Мицкоски ја коментираше најавата на пратеникот од „Вреди", Халил Снопче, кој го повтори ставот на албанската коалиција дека ќе ја напуштат Владата доколку се усвојат измените на Законот за бранители без да биде предвидено обештетување и за поранешните борци на ОНА (а се заборава дека ДУИ повеќе од 15 години вработуваше, делеше социјална помош и стипендии на семејствата на УЧК-ите како компензација за постоечкиот Закон за бранителите од 2002 кој потоа 7 пати е дополнуван и менуван).

Премиерот со истиот одговор одговори и на новинарско барање за коментар на најавите на лидерот на опозициската ДУИ, Али Ахмети, кој е револтиран за балансерот и најави дека ќе излезат на протести.

– И нему му посакувам добро здравје и среќа, кажа премиерот.

Микоски рече дека не функционира со закани и уцени.

– Ако некој се заканува, треба и да го реализира тоа, а ако не, останува лош впечаток во јавноста. Јас на заканите не одговарам баш така како што некој може да очекува. Изненаден сум што еден професор користи речник на закани, но тоа е негова одлука. Не знам кога ќе дојде Законот за бранители на дневен ред во Собранието, но кога ќе дојде ќе ја има нашата поддршка – рече тој.

## Албанскиот јазик во МКД не е загрозен, туку унапреден

- Албанскиот јазик во Македонија не само што не е за-



грозен, туку и е надграден… Мислам дека немаме отворени прашања на тоа ниво со Албанија и тоа се вештачки теми, рече премиерот Мицкоски коментирајќи ја дрската изјава на претседателката на албанскиот парламент Елиса Спиропали дадена во понеделникот во Скопје. Таа беше во посета на македонското Собрание и на пресот со спикерот Гаши изјави: „Ако се загрозува албанскиот јазик, се загрозува и идентитетот на Албанците во Македонија" (во врска со очекувањето Уставниот суд на МКД да го оцени Законот за употреба на јазиците).

Мицкоски имал коректна средба со Спиропали па додаде:

- Јас повеќе би се интересирал за заштитата на македонскиот јазик, не само кај нас, туку насекаде во регионот каде што има Македонци кои го користат својот мајчин македонски јазик.

## Тирана подоцна од Скопје ќе тргне кон ЕУ

– Албанија многу подоцна од нас ќе го почне, би рекол, патот кон приклучување кон Европската унија. Нашата сега трае повеќе од две и пол децении. Среќа нивна е што тие немаа таков тип на опструкции какви што имавме ние во изминативе две и пол децении. Јас им посакувам многу среќа на тој пат. Можеби еден ден патиштата повторно ќе ни се обединат и заедно ќе станеме дел од европското семејство, нешто што претставува генерациска желба и на граѓаните тука, кај нас во Македонија, и на граѓаните во Албанија, кажа премиерот Мицкоски одговарајќи на новинарски прашања.




# Австралија обезбедува дополнителни 10 милиони долари хуманитарна помош за Газа



*Австралија* издвои 82,5 милиони долари од почетокот на војната во *Газа*, а владата најави дека ќе обезбеди дополнителни 10 милиони долари хуманитарна помош за *Газа*.

Австралиската министерка за надворешни работи **Пени Вонг** рече дека финансирањето ќе овозможи *„помош за спасување животи, со фокус на жените и девојчињата"* преку агенциите на Обединетите нации *УНИЦЕФ* и *УНФПА*.

*„Поддршката на Австралија ќе помогне во решавање на тешката хуманитарна ситуација со испорака на храна и основни хигиенски и здравствени производи"*, рече **Вонг**.

Според неа, брза, безбедна и непречена хуманитарна помош мора да стигне до цивилите, а хуманитарните работници мора да бидат заштитени за да им се овозможи да спасуваат животи.

*„Продолжуваме да вршиме притисок за прекин на огнот, заштита на цивилите и ослободување на заложниците"*, рече таа.

Министерот за меѓународен развој и Пацифик **Пат Конрој** ја оцени ситуацијата во *Појасот Газа* како „катастрофална".

*„Цивилите не треба да бидат принудени да ја плаќаат цената за ужасните дела на другите"*, рече тој.

*Канбера* додели 82,5 милиони долари хуманитарна помош од почетокот на војната во *Газа*.

# Целосно се затвора 3G мрежата

Во следните месеци *Австралија* целосно ќе ја затвори својата 3G мрежа. Во текот на минатата година, *Водафон* беше првата телекомуникациска компанија која ја исклучи својата 3G мрежа, а до крајот на октомври 3G мрежата целосно ќе биде исклучена и од *Телстра* и *Оптус*.

Проценката покажува дека има околу 3 милиони уреди во *Австралија* кои се потпираат на 3G мрежата. Тие вклучуваат телефони, автомобили, таблети и безбедносни камери. Овие уреди нема да можат да работат по исклучувањето на мрежата. Владата предупреди дека околу 740.000 4G телефони нема да можат да повикуваат служби за итни случаи по исклучувањето бидејќи овие повици се потпираат на 3G мрежата.

Поголемиот дел од австралиската мрежа е 4G додека мрежата 5G е нешто под 13%. Со исклучување на 3G мрежата, медицинските аларми ќе бидат изложени на најголем ризик.

Постои загриженост дека исклучувањето на 3G мрежата ќе ја намали покриеноста на мобилната мрежа во регионалните области кои сè уште немаат пристап до 4G или 5G. Сепак, покриеноста на 4G е многу слична на 3G, па се очекува овие недостатоци брзо да бидат отстранети.




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Македонци избрани за општински советници на локалните избори во НЈВ


Луи Стефановски


Оливер Димовски


Стево Ташковски

На локалните избори во *НЈВ* што се одржаа на 14 септември годинава, избрани се шест Македонци, австралиски државјани, кои ќе го заземат своето место како општински советници во локалните заедници каде што живеат.

Како претставници на лабуристичката партија избрани се **Луи Стефановски** и **Роб Петрески** во советот на општина *Shellharbour City*, **Стево Ташковски** избран е за советник во Регионалниот совет на *Queanbeyan-Palerang*, и **Крис Саравиновски** е избран за советник во општината *Bayside City*. Додека кјако претставници на либералите избрани се **Оливер Димовски** во општина *Georges River* и **Стефан Николовски** во советот на *Sutherland City.*


Крис Саравиновски


Роб Петрески


Стефан Николовски


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES LAWYERS

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

## СИЉАНОВСКА ДАВКОВА ВО ООН:

# „Се гордеам што сум првата жена македонски претседател на оваа говорница“



Претседателот на Републиката Гордана Сиљановска Давкова учествуваше во започнувањето на 79. Генералното собрание на Обединетите нации во Њујорк. Таа имаше обраќање на Самитот за иднината на тема „Мултилатерални решенија за подобро утре“ каде потенцирше дека е горда што е првата македонска жена-претседател која се обраќа од говорницата во ОН. Истакна дека се залага Меѓународниот суд на правдата да има посилна улога во светскиот поредок, а неговите пресуди да бидат обврзувачки (поттикната од искуството со пресудата во полза на Македонија од 2011 против ветото на Грција за влез во НАТО).

- Меѓународниот суд на правдата мора да добие посилна улога, а неговите пресуди да станат задолжителни за сите. Мора да се воспостави поинтензивна соработка и партнерство со граѓанското општество, да се зголеми транспарентноста на работата на сите органи и тела. Не мислам дека проширувањето на Советот за безбедност со неколку нови постојани членови, со ексклузивно право на вето, само по себе ќе значи поголема гаранција за мирот, за безбедноста, иако ми е јасно дека односот на силите на глобалната сцена денес не е оној од 1945 година. Како претставничка на мала држава, верувам дека во овој орган треба да се зголеми учеството на помалите држави за да се заштитат од реалната опасност од поголемите, рече македонската претседателка во обраќањето во Хаг.

## Иницијатива за Совет на дијаспората

Претседателката Гордана Сиљановска Давкова во САД ја посети црквата „Свети Никола“ во Њу Џерси и имаше средба со нашинците - иселеници на кои им најави формирање на Совет за соработка со дијаспората. Овој совет ќе има за цел да ги вклучи македонските иселеници во клучните процеси во земјата.

Сиљановска нагласи дека дијаспората заслужува да биде активен дел од изборниот процес, како и да учествува во креирањето на важните закони и одлуки во Македонија.

- Не случајно сум тука денеска меѓу вас. Мислам дека вие сте нашите најдобри амбасадори. Вие во најубава светлина ја претставувате без оглед на верата. Затоа е многу важно да имаме постојани контакти. Еден од органите што набрзо ќе ги формирам со мојот тим е Советот за соработка со дијаспората. Македонските иселеници се значаен дел од нашето општество и треба да имаат можност да учествуваат во обликувањето на нашата иднина, истакна претседателката.


АХАМ
BRIDGE OF HUMANITY

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЏИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:
Целе Вељановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ:
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН:
Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ:
Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251

СЕНТ АЛБАНС:
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663

НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430,
0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418

ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381

ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719,
Ислам 9440 4038, 0433 214 874

КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Муцунски: Имав одлична средба со Герапетритис, заеднички ќе работиме да ги реализираме обврските од Преспанскиот договор

Министерот за надворешни работи и надворешна трговија Тимчо Муцунски ја оцени како „одлична, позитивна и конструктивна" првата билатерална средба со неговиот грчки колега Јоргос Герапетритис. На средбата, која се одржа во просториите на Мисијата на Грција во ОН во Њујорк, било отворено прашањето и за примена на Преспанскиот договор.

– Имавме одлична, позитивна и конструктивна средба на која разговаравме многу повеќе за она што може да не обедини отколку она што може да не раздели. Сметам дека во духот на добрата верба и во духот на почитувањето на обврските кои произлегуваат од меѓународното јавно право заеднички ќе работиме сите да ги реализираме обврските кои што ги имаме. Се договоривме понатаму да имаме активна комуникација по однос и на предизвиците кои секако ќе се појавуваат помеѓу двете држави. Зборувавме за коридорот 10, за енергетското поврзување, за стимулирањето на трговијата и деловната активност од двете страни за потребата од подобрување на меѓусебните политички односи и за тоа како да го движиме процесот на европска интеграција напред, изјави за МИА Муцунски по средбата.

Тој го поканил грчкиот министер за надворешни работи Герапетритис кога ќе може да дојде во посета.



## СПРЕЧЕНИ ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ ВО АЕРОДРОМ, ГОСТИВАР И САРАЈ

Со двотретинско мнозинство (со 83 гласа „за") пратениците на владејачките ВМРО-ДПМНЕ, „Вреди" и ЗНАМ како и на опозициската ДУИ ги изласаа законските измени со кои се спречи во три општини - Аеродром, Гостивар и Сарај - да мора да има предвремени локални избори откако нивните поранешни градоначалници Тимчо Муцунски, Арбен Таравари и Блерим Беџети влегоа во извршната и законодавната власт.

За законот имаше 17 гласа „против" од пратениците на СДСМ, а од Левица не гласаа.

За изгласувањето на измените на овој системски закон беа потребни и гласови за Бадинтерово мнозинство, кои беа обезбедени со поддршката на пратениците на ДУИ.

Со овие измени в.д. градоначалниците ќе продолжат да ја извршуваат функцијата до редовниот термин за локалните избори - октомври 2025 година.



# „Бахус класик“ релито на олдтајмери ќе се вози и во Македонија



Над 50 олдтајмери од Западна Европа и регионот следната година кон крајот на септември и почетокот на октомври ќе бидат дел од меѓународно рели од премиум ранг што ќе се вози низ Републиката.

Учесниците ќе имаат можност да дегустираат македонски вина, да вкусат традиционална македонска храна, а притоа да посетат и неколку културно-историски знаменитости, информираат од клубот „Бахус класик“ од Скопје, кој е организатор на настанот.

- Важно ни е да влеземе на листата на светски настани од овој ранг, да отвориме ново поднебје за овој тип на рели, затоа што вакво рели од Австрија до Атина нема. Некои од возилата кои би требало да дојдат воопшто досега не се видени ниту во Македонија, ниту во регионот, вели во изјава за МИА еден од организаторите, Игор Стефановски.

Тој открива дека очекуваат околу 120 учесници и 60 возила од кои 50-тина олдтајмери би биле од Западна Европа, поточно од Германија, Австрија, Луксембург, Италија...., а 10-тина од државите од регионот.

Идејата на Стефановски и Благоја Петровски, кои го водат целиот проект, е да се направи настан од премиум квалитет, а притоа да се прикаже сето она што е специфично за државата почнувајќи од виното и храната до историските знаменитости.

- Сакаме да направиме седумдневно рели со историски возила со премиум организација. Се вози Повардарието, се дегустираат познатите македонски вина, а ќе се посетат и Хераклеа, Охрид и Бигорскиот манастир. Сакаме да понудиме едно поинакво искуство и како територија и како култура. Задача на учесниците е само да уживаат, вели Стефановски.

Релито е впишано во календарот на Светската федерација за историски возила (ФИВА).

## ШТО ПРАВЕЛА ПРЕТХОДНАТА ГАРНИТУРА ВО ЈП „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ“ СО ТОЛКУ ГОРИВО? ДАЛИ ГО ПИЕЛЕ, СЕ БАЊАЛЕ ИЛИ ЕДНОСТАВНО ГО КРАДЕЛЕ!?

Заменик-директорот на ЈП „Национални шуми“ Кире Михаилов објави податоци за потрошено гориво во 2023 и истиот период оваа година. Според него постои сомнеж дека преетходното раководство на претпријатието правело незаконски работи со горивото.

- Нашите претходници во месеците јули и август во 2023 година потрошиле преку 150.000 евра за гориво за само 43 пожари, а ние како ново раководство во месеците јули и август 2024 година сме потрошиле околу 50.000 иљјади евра за 178 шумски и 1525 пожари на отворено. За овие огромни потрошувачки кои се правени и во останатиот претходен период, некој ќе мора добро да објасни каде и зошто потрошил толку гориво и што всушност во реалноста сработиле со толку гориво: дали го пиеле, дали се бањале со него или едноставно го краделе, објави тој.



# Отровни жаби ги трујат крокодилите





Жабите се лесен плен за крокодилите и веројатно им се и вкусна храна. Барем така изгледа, но има ситуации кога тоа воопшто не е така. Во *Австралија* е создаден сосема неочекуван проблем кога од *Јужна Америка* во 1930-тите, се увезени жаби кои се покажаа отровни за голем број змии и слатководни крокодили.

Сега научниците и ренџерите смислија начин како да ги натераат крокодилите двапати да размислат пред да го грабнат овој вид жаба. Во детоксираните мртви жаби вбризгуваат специјална хемикалија и на тој начин ги „тренираат" да го избегнуваат овој отровен вид.

*„Нашите мамки спречија исчезнување на крокодилите во областите каде пристигнаа жабите од Јужна Америка. Така што, ја намаливме смртноста за 95 отсто во областите каде што жабите беа присутни неколку години"* - вели **Џорџија Вард-Фиар** од Универзитетот *Мекквари*, воедно и главна авторка на новата студија.

Иако некои ги сметаат за застрашувачки, слатководните крокодили играат важна улога во своите екосистеми.

*„Губењето на слатководните крокодили поради отровните жаби би значело дека рибите од дното на реките ќе ги изедат сите икри на видовите што живеат во повисоко како што се козици на јудембаха и рибите лардија, не оставајќи ништо од другите видови"* - објаснува координаторот на ренџерите **Пол Бин Бусу**.

Користејќи кануа, ренџерите оставиле над две илјади жаби со отстранет отров долж бреговите на реките ширум четирите големи системи на клисури во северозападниот регион *Кимберли*.

Користејќи ноќни камери за надзор на дивиот свет, тимот открил дека областите каде што се спроведувале овие експерименти имаат значително помали стапки на смртност на крокодили во споредба со контролните места без мамки.


Austral
aluminiumproducts
Commercial Available



Најдобрите и најквалитетни алуминиумски прозорци и врати, со светски дизајн и врвен квалитет, по најповолни цени ќе ги најдете кај нас

Ние веруваме дека нашите производи се најдобри, ама не морате да ни верувате само на збор. Слободно споредете ги со производите на конкуренцијата. Убедени сме дека ќе го направите најквалитетниот избор.

Ph.: (03) 9357 4177
Factory 4/1497 Sydney Rd Campbellfield VIC веднаш до (BP fuel)
www.australw.com.au

# Во случајот „Синџир“ обвиненија уште за 15 вработени во УЈП



Врз основа на дополнително обезбедениот доказен материјал Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (*ОЈОГОКК*) поднесе обвиненија против 15 вработени во Управата за јавни приходи од *Скопје, Битола* и *Прилеп* во врска со случајот *„Синџир“*. Во овој случај првично беа обвинети 26 сопственици и управители на 28 фирми за даночно затајување, злосторничко здружување и перење пари. Сите тие во периодот од 1.1.2019 година до 31.12.2021 година не пресметале и не платиле данок и покрај законската обврска да се плати со што причиниле штета на Буџетот од над А$12 милиони. Во јули годинава дел од обвинетите кои признаа вина во *„Синџир“* добија затворски казни и една условна казна затвор. Првообвинетиот **Сашо Вучков** доби две и пол години казна затвор, неговиот татко две години казна затвор и 1.000 евра казна, мајката на првообвинетиот доби година и единаесет месеци затворска казна и уште 1.000 евра казна. Останатите двајца обвинети кои признаа вина, добија по две години затвор и по 1.000 евра казна, а еден обвинет доби условна казна затвор. За шест фирми чии застапници, исто така признаа вина судот изрече парични казни и забрани за учество во јавни повици и концесии. Во државниот буџет се вратени речиси 1.000.000 евра. За останатите 11 обвинети кои не признаа вина постапката продолжи. Сега кон нив ќе се приклучат и овие 15 службени лица.

## Кокаин вреден седум милиони евра завршил во германски супермаркети

Пратки со банани од *Јужна Америка*, во кои имало вкупно 95 килограми кокаин, „по грешка“ завршиле во филијали на супермаркети во *Западна Германија*. Според обвинителството, дрогата била пронајдена во единаесет маркети од ист бренд а вредноста на запленетата материја на црниот пазар се проценува на повеќе од седум милиони евра. Инспекторите веруваат дека погрешната пратка била доставена до централниот магацин и оттаму преку нормалниот дистрибутивен ланец била транспортирана до поединечни продавници. Според полицијата, пратката со банани пристигнала во пристаништето во *Антверпен* по поморски пат. Дрога во кутиите со банани била откриена пред две недели од вработени во две продавници во *Менхенгладбах*, кои пријавиле во полиција. Подоцна во текот на истрагата било откриено дека истиот ден кутии со кокаин биле пронајдени и во продавниците на тој трговски синџир во *Дуизбург, Крефелд* и општините *Вирцен, Хајнцберг* и *Нојс* во *Рајнската област*.


## ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary” Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



### ВО ОКТОМВРИ СЕ ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО ВИКТОРИЈА:

# Осумтте македонски кандидати за советници


Стево Козмевски


Цејми Николовски


Кони Боглис


Ангелина Гринвуд


Димитри Андреевски


Васко Наумовски

Во октомври ги очекуваме локалните избори во *Викторија*, а меѓу кандидатите со македонско потекло се **Кони Боглис** и **Малентие Пандиловски**, кои се кандидираа на изборите за општина Даребин.

Потоа рекорден број на македонски кандидати има во општина Бримбанк, таму се пријавија како кадидати: Ангелина Гринвуд, Драга Атанасовска, Васко Наумовски (поранешниот пратеник од *Австралија* во парламентот на *Македонија*) и **Димитри Андреевски**. Додека во општина *Витлси*, каде порано имавме многупати градоначалник од македонско потекло, после суспендирањето на општинската управа и долги години државна администрација повторно на овие избори ќе се гласа за совет и номинирани се **Стево Козмевски** и **Џејми Николовски**.

Локалните избори во Викторија се распишани за општински совети на 78 од 79 општини со локална самоуправа. Нема да се одржат избори само во *Моира Шајр* откако советот беше разрешен во март 2023 година и е назначен панел од администратори.

Новите советници ќе се бираат повторно во општините **Кејси** и **Витлси** за прв пат од 2016 година, откако советите беа разрешени во февруари и март 2020 година, таму моментално управува администратор назначен од државата.

Од сите кандидати најмногу знаеме во заедницата за **Стево Козмевски** кој неколку пати беше градоначалник на општина *Витлси*, и им посакуваме многу среќа на сите на претстојните избори.

## СООПШТЕНИЕ



Доктор **Крис Горгиевски** се пензионира после 42 години работа во неговата медицинска ординација во *Томастаун*.

Тој им посакува на своите пациенти добро здравје и среќа и ги информира дека сите ќе ги добијат нивните медицински досиеја по пошта.

# Во Италија уапсен маж осомничен за двојно убиство во Мелбурн пред 47 години

**Пери Корумблис** е уапсен во *Италија* за убиство на две жени, **Сузан Армстронг** и **Сузан Бартлет** во 1977 година. **Армстронг** и **Бартлет** биле пронајдени мртви во нивниот дом во *Мелбурн* на улицата *Изи* во *Колингвуд*.

65-годишниот **Корумблис** е двоен државјанин на *Грција* и *Австралија*, минатиов петок е уапсен на аеродромот во *Рим*. Полицијата на *Викторија* ќе бара налог за негова екстрадиција. Двете жени се убиени во 1977 година во нивната изнајмена куќа во населбата *Колингвуд*, додека 16-месечната ќерка на **Сузан** спиела во другата соба. Телата биле пронајдени во домот на 13 јануари, три дена откако последен пат биле видени живи, а детето било вознемирено и дехидрирано, но неповредено. И **Армстронг** (27) и **Бартлет** (28) биле избодени повеќе пати. Двојното убиство стана познато во јавноста како *„убиствата на Изи стрит"*. Случајот беше предмет на бројни книги и подкасти.Во 2017 година беше понудена награда од 1 милион долари за нови информации што може да доведат до апсење. Полицијата со години неуморно трагаше по убиецот. По мажот била распишана црвена потерница од Интерпол, а италијанските власти го уапсиле на аеродромот *Леонардо да Винчи* во *Рим*. *„Повеќе од 47 години, детективите за убиства неуморно работеа за да утврдат кој е одговорен за смртта на Сузан Армстронг и Сузан Бартлет"*, рече началникот на полицијата во *Викторија*, **Шејн Патон.**





***Пери Корумблис е обвинет за убиство на Сузан Армстронг и Сузан Бартлет во 1977 година***


## ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
## БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




БЕЗ ЛИМИТ ПОНУДА

ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Додека Зеленски говореше дека ќе ја добие војната, рускиот амбасадор прелистуваше хартии и гледаше во мобилниот телефон




Советот се состана на маргините на Генералното собрание на *ОН* во *Њујорк*.

Додека **Зеленски** зборуваше, рускиот амбасадор во *ОН*, **Василиј Небензија**, демонстративно ги прелистуваше документите и гледаше во неговиот мобилен телефон.

Украинскиот претседател **Володимир Зеленски** му порача на Советот за безбедност на Обединетите нации дека неговата земја ќе излезе како победник и целосно ќе ги одбие руските напаѓачи.

*„Еден ден во оваа сала сигурно ќе се каже дека војната на Русија против Украина е завршена"*, рече тој.

*„И тоа ќе се случи не само затоа што некој се уморил од војна, не затоа што некој разменил нешто со (рускиот претседател* ***Владимир****)* ***Путин****. Војната на Русија против Украина ќе заврши затоа што Повелбата на Обединетите нации ќе функционира. Тоа мора да функционира. Нашето право на самоодбрана ќе надвладее"*.

Генералниот секретар на Обединетите нации, **Антонио Гутереш** ги предупреди светските лидери дека неказнивоста, нееднаквоста и неизвесноста создаваат „неодржлив свет".

Укажувајќи на продлабочувањето на геополитичките поделби, војните на кои не им се гледа крај, климатските промени и нуклеарното и новото оружје, тој рече дека човештвото *„се движи кон незамисливото: буре барут се заканува да го зафати светот"*.

Состанокот на светските лидери започна во сенка на растечките поделби во *САД*, големите војни во *Палестина*, *Украина* и *Судан* и заканата од уште поголем конфликт на *Блискиот Исток*.

# Google е казнет со 2,7 милијарди долари од ЕУ



*ЕУ* го казни *Гугл* со 2,7 милијарди долари поради монополско однесување. Во 2017 година, Европската комисија го казни *Google* за користење на сопствената услуга за споредба на цените за да стекне неправедна предност во однос на помалите европски ривали. Понискиот суд ја потврди одлуката на *ЕУ* во 2021 година, но *Google* поднесе жалба до Судот на правдата на *Европската унија* со седиште во *Луксембург*.

*Google* заработи 8,25 милијарди евра од антимонополски казни на *ЕУ* во изминатата деценија. Тој успеа да оспори две пресуди поврзани со неговиот мобилен оперативен систем *Андроид* и услугата за рекламирање *AdSense*.

# Русија почна да употребува кинески оклопни возила во Украина



*Руската армија почна да користи кинески оклопни возила во војната против Украина. Фотографиите од воената опрема ги објави прорускиот телеграмски канал „Уголок сита“ со напомена дека се работи за возила „Хуши“.*

Воениот аналитичар на „*Билд*“, **Јулијан Репке**, ја потврди автентичноста на сликите. „*Руската армија употреби кинески оклопни возила од типот ЗФБ-05 во Украина за прв пат. Кина негира дека го испорачувала ова возило. Сепак, има многу африкански посредници што Русија можела да ги искористи*“, истакна **Репке**.

Во мај оваа година, поранешниот британски министер за одбрана, **Грант Шапс**, изјави дека *Кина* ја снабдува *Русија* со оружје за употреба на линијата на фронтот во *Украина*. „*Американското и британското воено разузнавање може да покаже дека смртоносната опрема се движи од Кина во Русија за војната во Украина*“, рече **Шапс**.

Сепак, советникот за национална безбедност на американскиот претседател **Џо Бајден**, **Џејк Саливан**, не се согласи со изјавата на **Шапс**, велејќи дека можноста *Кина „директно да ѝ обезбеди оружје – смртоносна помош – на Русија“ била загриженост порано, но „до сега не сме го виделе тоа.“*

Во исто време, **Саливан** истакна дека *Кина* прави многу за да ја „храни“ руската воена машина, „*не со директно снабдување со оружје, туку со обезбедување ресурси за руската одбранбена индустриска база*“.

Во исто време, анонимни американски функционери изјавија за *Ројтерс* дека *Кина* ѝ дава на *Русија* технологија за беспилотни летала и ракети, машински алати и сателитски снимки за да води војна. Според еден од изворите, кинеските испораки ги пополнуваат „*критичните празнини*“ во циклусот на производство на одбрана на *Русија* и ѝ овозможуваат на *Москва „најамбициозната одбранбена експанзија од Советскиот Сојуз*“.

Како одговор на ова, кинеската амбасада во *САД* изјави дека *Пекинг* не испорачува оружје на ниту една од страните во конфликтот во *Украина* и не учествува во него. Од друга страна *САД* и *ЕУ* постојано ја снабдуваат *Украина* со оружје и финансии.

# ОДРЕДЕНА ИСХРАНА ВО БРЕМЕНОСТА МОЖЕ ДА ГО ИЗЛОЖИ БЕБЕТО НА ДИЈАБЕТЕС И СРЦЕВИ ЗАБОЛУВАЊА

Австралиското истражување ги предупреди бремените жени на типична навика во исхраната која може да предизвика „оштетување на плодот“ на бебето пред да се роди.

Спомнете ја бременоста и храната во исто време и веројатно ќе ви падне на ум вообичаената фраза „јадење за двајца“. Сепак, нова револуционерна студија сугерира дека ова може да биде загрижувачко прекумерно поедноставување.

Научниците сега предупредија дека бремените жени кои се клинички дебели или консумираат премногу масти или шеќер може да ги изложат своите бебиња на поголем ризик од срцеви заболувања и дијабетес подоцна во животот.

„Вие сте родени со сите срцеви клетки што некогаш ќе ги имате“, рече доктор Мелани Бертоса, која ја водеше студијата на Универзитетот „Јужна Австралија“.

Срцето не произведува доволно нови клетки на срцевиот мускул по раѓањето за да ја поправи секоја штета, па промените кои негативно влијаат на овие клетки пред раѓањето може да траат цел живот.

„Овие трајни промени може да предизвикаат натамошно опаѓање на здравјето на срцето кога децата влегуваат во адолесценција и зрелост кога срцето почнува да старее“, додава таа.

Како дел од студијата, група жени по случаен избор биле ставени или на контролна диета или на диета богата со маснотии и енергија, 9 месеци пред да го зачнат своето бебе. Откако зачнале, научниците чекале 184 дена за да се развијат фетусите.

Шокантно, резултатите покажале дека исхраната богата со масти и енергија ги менува тироидните хормони на фетусот, а експертите забележале дека тоа може да го зголеми ризикот од кардиометаболни нарушувања подоцна во животот кај потомството родено во оваа бременост.



Ова вклучува хипертензија, дијабетес, дебелина и срцева слабост, а вториот се однесува на типот на срцева болест. Британската фондација за срце тврди дека коронарната срцева болест е причина за приближно една од шест смртни случаи ширум светот.

„Откривме дека исхраната со маснотии и висока енергија на мајката ја намалува концентрацијата на активниот тироиден хормон Т3, кој делува како прекинувач во доцната бременост, велејќи му на срцето на фетусот да почне да се подготвува за живот по раѓањето. Без овој сигнал, феталното срце се развива поинаку“, вели Бертоса.

Поважно е тоа што загрижувачките проблеми биле идентификувани кај новороденчињата кои имале нормална родилна тежина, што ги натерало истражувачите да препорачаат сите бебиња да се подложат на скрининг за здравје на срцето.

Вишиот автор Џана Морисон, професорка по физиологија, објасни: „Кардиометаболичкиот скрининг на здравјето треба да се врши на сите бебиња родени во овој тип на бременост, не само на оние родени премногу мали или преголеми, со цел порано да се детектираат ризиците од срцеви заболувања“.

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ

www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

*Австралиско* Македонски* Неделник*

Edition No. 1833 Year 37 • Tuesday, 24 September 2024 • Price $4.00 inc GST

Патувајте во Македонија и секаде во светот
AVIO TRAVEL
Lic. No 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970
Зборувајте со професионални агенти



## КАКО ЌЕ СЕ РЕГУЛИРА КОРИСТЕЊЕТО СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ ЗА АДОЛЕСЦЕНТИ?



БРИСЕЛ ИМА „ГЛУВИ УШИ“

# НЕ Е ЗАИНТЕРЕСИРАН ЗА СОЛЗИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

УСТАВЕН СУД:



## „БАЛАНСЕРОТ“ Е ВРЕМЕНО СУСПЕНДИРАН

НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО НЈВ

## ШЕСТ МАКЕДОНЦИ ИЗБРАНИ ЗА ОПШТИНСКИ СОВЕТНИЦИ

ВО ИТАЛИЈА



## УАПСЕН МАЖ ОСОМНИЧЕН ЗА ДВОЈНО УБИСТВО ВО МЕЛБУРН ПРЕД 47 ГОДИНИ

ЗАПОЧНА СУДЕЊЕТО ЗА УБИСТВАТА НА ВАЊА И ПАНЧЕ: „НЕ СМЕ ВИНОВНИ“ ВЕЛАТ СИТЕ ОБВИНЕТИ!?!?

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперануација / неспособност за работа






За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

# ВМФЛ: Македонија ЃП и Брегалница кикснаа



Македонија ЃП одигра само 1:1 против Саса на домашен терен иако важеше за голем фаворит. Славков донесе предност за „лавовите", но Таневски со гол во 55. минута од натпреварот успеа да донесе бод за гостите од Македонска Каменица.

Брегалница иусто така одигра 1:1 против Осогово во Штип. Иван Галевски погоди за штипјани, но Марио Симоски со погодок пред крајот им донесе реми и еден бод.

Аресими сега се приклучи на тандемот, откако го победи Новаци со 1:0 со голот на Шефит Шефити.

Кожуф забележа важна победа над Вардар Неготино (3:2) и исто така е на врвот. Грозданоски, Најденов и Гугуљанов беа стрелци за тимот од Гевгелија, а Тодоров и Павлески погодија за Вардар Неготино.

Борец го победи Вардарски со 3:1, промената на тренерската позиција даде резултат. Османи, Петров и Манасиев беа стрелци за велешани.

Башкими триумфираше против Охрид со 1:0, со голот на Арљинд Хасани во 92. минута.

Детонит Плачковица славеше против Скопје со 1:0, со голот на Стефан Бабунски.

Беласица и Победа ремизираа 1:1.

**ВТОРА МФЛ**

**Резултати од 4. коло**

**АРСИМИ – НОВАЦИ 1:0**
**БЕЛАСИЦА – ПОБЕДА 1:1**
**БОРЕЦ – ВАРДАРСКИ 3:1**
**БРЕГАЛНИЦА – ОСОГОВО 1:1**
**ДЕТОНИТ ПЛАЧКОВИЦА – СКОПЈЕ 1:0**
**КОЖУФ – ВАРДАР (Н) 3:2**
**МАКЕДОНИЈА ЃП – САСА 1:1**
**ОХРИД – БАШКИМИ 0:1**

**Табела**

| | |
|---|---|
| 1. КОЖУФ | 10 |
| 2. МАКЕДОНИЈА ЃП | 10 |
| 3. БРЕГАЛНИЦА | 10 |
| 4. АРСИМИ | 9 |
| 5. БАШКИМИ | 9 |
| 6. ДЕТОНИТ | 7 |
| 7. НОВАЦИ | 6 |
| 8. СКОПЈЕ | 5 |
| 9. ПОБЕДА | 4 |
| 10. ВАРДАР (Н) | 4 |
| 11. БЕЛАСИЦА | 3 |
| 12. БОРЕЦ | 3 |
| 13. САСА | 2 |
| 14. ВАРДАРСКИ | 2 |
| 15. ОСОГОВО | 2 |
| 16. ОХРИД | 1 |

**ВАКВО НЕШТО МОЖЕ ДА ВИДИМЕ САМО НА БАЛКАНОТ:**

## Тим од БиХ обезбедил сместување за кошаркар во – затвор!

Ситуација каква што режираше кошаркарскиот клуб Сутјетска кој се натпреварува во првенството на БиХ може да се случи веројатно само на Балканот.

Имено, раководството на екипата преу социјалните мрежи јавно се заблагодари на директорот на поправниот дом Фоча кој обезбедил сместување на еден од кошаркарите во нивната зграда.

„Благодарност до Управата на поправниот дом Фоча кој излезе во пресрет на КК Сутјетска обезбедувајќи минимални цени. Во време на високи кирии, оваа подршка ќе ја олесни работата на клубот", објавија од Сутјетска.

По објавата се додаде и објаснување дека во ресторанскиот објект на КПД ќе престојува само еден нивни кошаркар.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# „Трчај бе со Алпско“ во Битола – спортски празник со 1.800 учесници и многу публика

По 6 пат се одржа трката “Трчај бе со Алпско“ во Битола, овојпат со 1,800 натпреварувачи. Старот беше наспроти саат кулата, на улицата покрај реката Драгор, а први тргнаа натпреварувачите на 5 километри. Потоа, според временска планирана разлика, старуваа натпреварувачите кои трчаа на 10 и 21 километар (последнава дистанца воедно беше и Национално првенство во полумаратон).

Во трката на 5 км доминираа Дарија Крстевска и Григоријан Никовски со извонредни времиња. На 10 км блеснаа Памела Ени и Георги Гергов, додека во полумаратонот (21 км) најбрзи беа Леонид Вандевски и Маринела Нинева.

На трите трки низ Битола зедоа учество натпреварувачи од 25 земји, кои трчаа поединечно, во групи, или како дел од битолски компании кои заедно во оваа прилика правеа “team building activities“.






# Тони Лазов освои сребро на Шаховската олимпијада!

На 45-тата Шаховска олимпијада македонскиот репрезентативец ИМ (Интернационален мајстор) Тони Лазов (2360 рејтинг) освои сребрен медал на втора табла со рејтинг перформанс од 2763 рејтинг, само 20 помалку од златниот медал што му припадна на чешкиот ВМ Таи Даи Ван Уин (2647 рејтинг).

По осум одиграни партии (7 победи, 1 пораз), нашиот сонародник се стекна со нови 32,7 рејтинг поени.

24-четиригодишниот ИМ Тони Лазов од Кавадарци е член на ШК Алкалоид, повеќекратен државен претставник на европски и светски првенства, како и актуелен државен шампион за 2024та година.

На 45-тата Шаховската олимпијада која се одржа во Будимпешта, на Лазов малку му недостасуваше да се стекне со втора велемајсторска норма поради недоволен просечен рејтинг на неговите противници (минимум 2380).

Добивате бесплатна кутија за свеќи со порачка на споменик!
Markovski Memorials
Markovski Memorials е македонска семејна компанија што прави споменици над 25 години. Ние сме специјализирани за изградба на уникатни споменици, надгробни плочи, натписи, реставрации и скулптури.
Изработуваме споменици од гранит и мермер, керамички фотографии, вазни, кутија за свеќи и дополнителен натпис.
www.markovskimemorials.com.au
За дополнителни информации и цена јавете се на Роберт Марковски на 0413 853 402 или Вера Атанасовска на 0492 936 230
1/24-30 Taryn Drive, Epping, VIC 3076







**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, ФИНАЛЕ**

# Олимпик Кингсвеј – Стирлинг Македонија 3:2 (1:1)

Минатава сабота во Перт се играше големото финале на Националната премиер лига на ЗА, во кое Стирлинг Македонија се сретна со Олимпик Кингсвеј. Регуларниот дел од средбата заврши со нерешен резултат 1:1. Головите ги постигнаа Александар Таневски од пенал во 76 минута за Стирлинг и Калум О`Конел во 94 минута за Кингсвеј.

Во продолжението Стирлинг Македонија повторно дојде до водство во 100 минута преку Киаран Бурнс. Но, во завршницата Олимпик Кингсвеј беше подобар и славеше победа со головите на Џошуа Самсон во 115 минута и Џое Нолс во 120 минута за конечните 3:2.

# Винисиус Жуниор ќе ја освои „Златната топка" за 2024 година?



Шпанскиот весник „Марка", кој редовно е добро информиран за случувањата во Реал Мадрид, тврди дека освојувачот на „Златната топка" за најдобар светски фудбалер за 2024 година е Винисиус Жуниор. Фудбалерот на Реал Мадрид ланската сезона беше клучен играч на тимот во освојувањето на Лигата на шампиони и Ла Лига.

Наводно организаторот на наградата, „Франс Фудбал", веќе го информирал Бразилецот дека е добитник на престижното признание. Изминатата сезона крилниот напаѓач во дресот на „кралевите" имаше 39 настапи во сите конкуренции и постигна 24 голови со 11 асистенции. Винисиус и онака важеше за еден од главните кандидати за наградата крај неговиот тимски колега Џуд Белингам и Родри од Манчестер сити.

Ако Бразилецот навистина ја освои „Златната топка", Реал Мадрид ќе стане клубот со највеќе добитници на наградата, односно ќе има 13 во историјата и ќе го остави зад себе најлутиот ривал Барселона.



Australian Macedonian TODAY
22
Австралиска Македонски Денес
ISSN 1442-195X
9 771442 195005

# СПОРТ

# ТОНИ ПОПОВИЌ Е НОВИОТ СЕЛЕКТОТ НА СОКЕРУСИТЕ



По разочарувачкиот старт на квалификациите за Светското првенство во азиската зона, Греам Арнолд повеќе не е селектор на Австралија. Тој минатиот петок поднесе оставка и си замина од селекторското место на „сокерусите“.

Австралиската репрезентација во понеделник го објави назначувањето на Тони Поповиќ за селектор на националниот тим.

Педесет и едногодишниот фудбалски стручњак на оваа позиција го замени Греам Арнолд, кој го водеше тимот од 2018 година.

Селекцијата на Австралија загуби од Бахреин (0:1) во последните два натпревара од квалификацискиот турнир за СП 2026 година и ремизира со Индонезија (0:0).

Тони Поповиќ сега ќе има тешка задача да направи пресврт, по две кола Австралија е на петтото место во групата Ц со еден бод, а полоша е само Кина која нема бодови.

Во текот на својата тренерска кариера, Поповиќ работеше во Кристал Палас, Перт Глори , Вестерн Сиднеј Вондерњерс, грчката и турската репрезентација. Тој беше на чело на Мелбурн Виктори помеѓу 2021 и 2024 година.

